ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **22.02.2021 година** во 09:00 часот во Голема Сала на општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновск**а, Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски**, Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска**, Советник овластен испектор за животна средина **Зоран Павловски** и Советник во Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Кире Велески.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општина Љубомир Младенов беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

- До крајот на денот од страна на Јасминка Ангеловска во координација со директорката СОУ Ѓоче Петров Габриела Стаменковска да биде доставен детален преглед со број на паралелки до МОН.

**Одделение за финансиски прашања**

Од страна на Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Од страна на претставникот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Кире Велески беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-До крајот на месецот да се прибере соодветна документација во врска со поднесување апликација за проект за одобрување на средства за населба Единство, патен правец кон Мартиница, регулација на коритото на улица Единство и пристапна улица од Ловечки дом кон улица Гоце Делчев.

-Да се даде налог на фирмата задолжена за поставување на столбчиња и ограда на патот накај манастирот св. Јоаким Осоговски, во делот на локацијата на Пашина Воденица и да се постават табли за забрането фрлање на смет, а комуналните редари да вршат редовна контрола и да се спречи секакво депонирање на градежен или комунален смет.

-Да се прати допис до државниот секретар Драган Николиќ во МО за одобрение на механизација за расчистување на патен правец од Деве Баир –Рамна Нива и Коприва.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од страна на Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Од страна на Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија Антонио Давитковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се одговори од страна на Елена Христовска по однос на Барање од странка за проблематично лице во колективна зграда.

-Поради истекот на рокот на претходниот Стратешки документ да се организира работилница во координација со раководителите на одделенија и вработените како тим за поддршака и изработка на нов документ.

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот на човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Билјана Тасевска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Кога ќе помине ребаланс на Буџет да се внесе во Планот за јавна набавка за набавка на подна плоча за ОУЈДГ„Детелинка'' и веднаш да се објави.

-Информација за завршени и нови јавни набавки.

**Одделение за инспекциски надзор**

Од страна на Советникот овластен испектор за животна средина Зоран Павловски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Зоран Павловски да излезе на увид по однос на Барање од странка на лица во колективна зграда во нас. Единство за да се направи согледување на самиот објект и да се преземат соодветни мерки за надминување на состојбата.

**ЈП Комуналец**

-Веднаш да се почне со работа на делот од канализацијата во нас. Цонев Рид.

-Да се направи санација на Велосипедска патека кај Тораничка зграда.

-Да се поставаат буриња за смет на трасата на патен правец кон Деве Баир на локациите на кои постојат семафори и во населбите кои гравитираат на овој потег. Да се зголеми интензитетот на собирање на смет долж градежната траса и во овие населби.

-Абразивниот материјал да се прибере со метење и да се засадат пролетните цвеќиња на улица Св.Јоаким Осоговски. Да се изврши санација на жардињерите долж главната улица.

-Со реверс да се предадат на користење и стопанисување патерите за голф од страна на општината на ЈП Комуналец.

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Во координација со директорот на Дом на култура и Лилјана Стојновска околу одржување на настанот кој ќе се одржи на 05.03.2021 година во чест на 8-ми Март- Денот на жената.

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

- Следната седница на совет да се планира за 12.03.2021 година, а Биљана Тасевска да направи координација со советничките групи .

-За потребите на пописна комисија за Пописен реон 5 да се стави на располагање канцеларијата од изборна комисија, помошната просторија до архива и евентуално мала сала.

**22.02.2020 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**